

**ХРИСТОС ВОСКРЕСНА – НАВИСТИНА ВОСКРЕСНА**

***За православните христијани во Македонија и во македонското иселеништво ширум светот (во дијапората) Христовото воскресение Велигден е празник кога се слави победата на животот на смртта, светлината над темнината. Денот на Воскресението Христово преставува Божји дар, вистинска радост која ни го осветлува патот на недежда, љубовта, мирот, радоста и среќата во животот.***

Воскресението Христово преставува обединување околу верата и учењето Христово за милосрдието, праведноста, почитувањето и толеранцијата. Тоа е благородниот пат на Христовото учење од кој не треба да скршнуваме. Потребна ни е Христовата мир и љубов во нашите срца за да ја спознаеме вистината. Потребно ни е неговата верба и трпение за да ги надминеме сите меѓусебни недоразбирања и конфликти.

Христовото воскресение Велигден започнува од Ерусалим - најсветиот град на јудаизмот, третиот најсвет град во исламот и свет град за христијанството. На Велигден во исчекување на церемонијата на Светиот пламен, кој во источните цркви го симболизира Христовото воскресение, по полноќ Црквата на Светиот гроб во Ерусалим се исполнува со светлина од свеќи – симбол на воскресението. Сите камбани на древната црква чукаат во ритамот на силните пофални песни на радоста. Среде џагорот на следбениците се слуша повик кој постојано се повторува „Христос воскресна“ и одговорот „Вистина воскресна“.

Денот на Христовото воскресение Велигден е не само најголемиот туку и најстар христијански празник што се празнува од вториот век. Тој е суштината на Христијан-ството, потврда и на самата вера зашто како што рекол Свети Апостол Павле: „Ако Христос не воскреснеше празна ќе беше и нашата вера“.

Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) која ги обединува верниците со православна вероисповед во Република Македонија и македонските иселеници во Австралија, Соединетите Американски Држави, Канада, Европската Унија и многу други земји ширум светот, го прослави најголемиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден во Соборниот храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје, на кој чинодејствуваше поглаварот на МПЦ-ОА неговото блашенство г.г.Стефан, во сослужение со бројни свештенослужители.




МПЦ - „Свети Ѓорѓи"
Епинг, Мелбурн
Фото: Никола Ставрески



Пишува: **СЛАВЕ КАТИН**